Согласно член 37 став 1 точка 1 од Законот за судовите, Општата седница на **Врховниот суд на Република Македонија по правно прашање дали Вховниот суд на Република Македонија е стварно надлежен суд да постапува по жалби изјавени против одлуките на Управниот суд, освен во случаите кои се предвидени во член 63 од Законот за управните спорови, по сопствена иницијатива на ден 20.12. 2011 година, донесе:**

## НАЧЕЛЕН ПРАВЕН СТАВ

**Врховниот суд на Република Македонија е стварно ненадлежен суд да постапува по жалби изјавени против одлуките на Управниот суд, освен во случаите кои се предвидени во член 63 од Законот за управните спорови.**

**Предметите по жалби изјавени против одлуките на Управниот суд, доставени до Врховниот суд на Република Македонија, кои не се одлучени до донесувањето на Начелниот правен став, да се остапат на работа на Вишиот управен суд Скопје.**

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 35 став 1 точка 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006) и Законот за измена и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.35/2008), Врховниот суд на Република Македонија е надлежен да решава во втор степен по жалба на одлука на Управниот суд во случаите предвидени со закон.

Согласно член 39 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.62/2006), Управниот суд спорот го решава со пресуда, а според ставот 2 од овој член против пресудата (зборот пресуди е заменет со зборот одлуките – согласно член 5 од Законот за измени и дополнување на Законот за управните спорови (“Службен весник на РМ“ бр.150/2010) од членот 30 став 3 на овој закон е дозволена жалба. Со членот 30 од Законот за измени и дополнување на Законот за управните спорови (“Службен весник на РМ“ бр.150/2010), изменет е и член 39 од Законот за управните спорови, кој сега гласи: Против одлуката на Управниот суд е дозволена жалба.

Согласно член 4 од Законот за измени и дополнување на Законот за управните спорови (“Службен весник на РМ“ бр.150/2010), управните спорови во Република Македонија ги решаваат: Управниот суд, како првостепен суд; Вишиот управен суд како второстепен суд и Врховниот суд на Република Македонија, кој одлучува по вонредни правни средства во случаите кога тоа е уредено со закон.

Согласно член 13 став 2 со кој се менува член 16 од Законот за измени и дополнување на Законот за управните спорови ("Службен весник на РМ" бр.150/2010), Вишиот управен суд одлучува по жалби против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен.

Темелна вредност на Уставниот поредок на Република Македонија, согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија е владеење на правото.

Според Амандман 21 од Уставот на Република Македонија, кој е прогласен со Одлука на Собранието на Република Македонија бр.07-4542/1 од 7 декември 2005 година, во став 1 се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во прв степен пред суд.

Во став 2, правото на жалба или друг вид на правна заштита, против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа, или организација и друг орган што врши јавни овластувања, се уредува со закон.

Според член 34 став 1 алинеја 4 од Законот за управните спорови, Управниот суд е надлежен да решава по тужби изјавени против поединечните акти на органите на државната управа, Владата, други државни органи, општините и Градот Скопје, организации утврдени со закон и на правни и други лица во вршење на јавни овластувања (носители на јавни овластувања), кога за решавање во втор степен против таквиот акт не е обезбедена друга правна заштита.

Согласно член 42-а став 1 од Законот за измени и дополнување на Законот за управните спорови ("Службен весник на РМ" бр.150/2010), против одлуките на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Вишиот управен суд.

Според Законот за управните спорови, случај кога е определена надлежност на Врховниот суд на Република Македонија да одлучува по жалба, е согласно членот 63 од Законот за управните спорови, каде е уредено дека против решението од членот 62 на тој закон, е дозволена посебна жалба до Врховниот суд на Република Македонија. Жалбата се поднесува во рок од 3 дена од денот на доставувањето на решението и е единствен случај кога со закон се определува надлежност на Врховниот суд на Република Македонија да одлучува по жалба на одлука донесена од Управниот суд

Согласно член 43, член 44 став 1, член 45 и член 46 – Преодни и завршни одредби од Законот за измени и дополнување на Законот за управните спорови ("Службен весник на РМ" бр.150/2010), постапките по тужбите за покренување на управен спор поднесени до Управниот суд до денот на отпочнувањето на примената на овој закон ќе се спроведат согласно со одредбите на тој закон.

Против одлука во управен спор донесена до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, може да се изјави жалба според прописите кои важеле

до денот на отпочнувањето на примената на овој закон, ако според тие прописи жалбата е предвидена.

Вишиот управен суд ќе се конституира и ќе започне со работа најдоцна до 30 јуни 2011 година.

Законот за измени и дополнување на Законот за управните спорови е објавен во “Службен весник на РМ“ бр.150 од 18.11.2010 година, а ќе започне да се применува по конституирањето и започнувањето со работа на Вишиот управен суд.

Согласно член член 35 став 1 алинеја 3 од Законот за судовите, Врховниот суд на Република Македонија..., нема надлежност утврдена со закон освен во наведениот случај, да решава по жалби на одлуките на Управниот суд, согласно со закон или прописи кои важеле до денот на отпточнувањето на примената на Законот за измени и дополнување на Законот за управните спорови (“Службен весник на РМ“ бр.150/2010), ако според тие прописи жалба е предвидена.

Врховниот суд на Република Македонија, воспостави пракса, судот да постапува по жалби изјавени против одлуки на Управниот суд согласно Начелен правен став бр.0201-2218/09 од 24.12.2009 година, со кој де факто и де јуре се пополни правната празнина настаната по донесувањето на **Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.231/2008 од 16 септември 2009 година („Службен весник на РМ“ бр.117/2009 од 25 септември 2009 година), со која се укинува членот 39 став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република македонија“ бр.62/2006), во делот: „од членот 30 став 3 на овој закон“.**

Согласно закон или друг пропис, Врховниот суд на Република Македонија не е стварно надлежен да решава по жалби изјавени против одлуките на Управниот суд.

Досегашната надлежност, Врховниот суд на Република Македонија да постапува и решава по жалби изјавени на одлуките на Управниот суд,ја темели на начелен правен став став бр.0201-2218/09 од 24.12.2009 година.

Заклучно со 30 јуни 2011 година е конститутиран и започна со работа Вишиот управен суд, кој согласно закон решава по жалби изјавени против одлуките на Управниот суд.

Така, во правниот систем на Република Македонија, сметано од констиурањето и започнувањето со работа на Вишиот управен суд е створен фактички и правен дуализам во постапувањето на двата суда со различна стварна судска надлежност утврдена со закон, во исто време да решаваат по жалби изјавени против одлуки на Управниот суд.

Тоа, само по себе ја загрозува правната сигурност на граѓаните на Република Македонија, ако се има во вид со закон определената надлежност на судовите.

Имајќи го предвид изложеното, Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, со донесувањето на начелниот правен став по сопствена иницијатива, го става вон сила Начелниот правен став бр.0201-2218/09 од 24.12.2009 година и со тоа, се става во функција на обезбедување на владеењето на правото, како темелна вредност загаранитирана со Уставот на Република Македонија и ја гарантира правната сигурност на граѓаните во Република Македонија, а воедно обезбедува и единство во примената на законите пред судовите.

**ОПШТА СЕДНИЦА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**